## КОМЕНТАР НА ОСТВАРЕНИОТ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ 01.01-31.03.2021

Осигурување МАКЕДОНИЈА ад Виена Иншуренс Груп во периодот од Јануари -Март 2021 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од 12.2 мил. Во истиот период 2020 година финансискиот резултат изнесува 18.3 мил.

Во првото тромесечие 2021 во однос на истиот период 2020 година намалување бележат вкупните приходи и вкупните трошоци. Додека вкупните приходи во 2021 година се намалени за 7% вкупните расходи бележат намалување од 4.5%. Намалувањето на приходите се должи во најголем дел на намалување на заработената премија.. Најголемо движење во вкупните tro{oci бележат настанатите штети и трошоците за бонуси и попусти . Кај останатите приходи и расходи нема значајни отстапувања во споредба со предходната година.

### . - Сметководствени политики

Друштвото во текот на деловната 2021 година нема промена на сметководствените политики споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи.

### - Дивиденда

Во текот на 2021 година Друштвото нема исплата на дивиденда.

### - Кредитни задолжувања

Друштвото нема проблем со ликвидноста и нема никакви кредитни задолженија.

### - Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период

Во периодот од 01.01- 31.03.2021 Друштвото има 101% остварување на планираниот обем на приходи по основ на премија .

## ПРОЦЕНКА НА МЕНАЏМЕНТТ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА НОВОНАСТАНАТАТА СОСТОЈБА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ПАНДЕМИЈАТА

Поради состојбата предизвикана до пандемијата Covid 19 Осигурување МАКЕДОНИЈА ад Виена Иншуренс Груп се соочи со голем број на интерни и екстерни предизвици.

Како последица на мерките кој ги превзема Владата за спречување на ширење на вирусот вработените од ризичните категории не се во можност да ги извршуваат своите обврски на работните места.

Друштвото забележа пад во премијата во класите кој се директно поврзани со новонастаната ситуација од пандемијата и тоа патничко осигурување,зелена карта,гранично осигурување а дополнително и пад во автоодговорност.

Друштвото ги идентификува клучните процеси на работењето (издавање на полиси и исплата на надомест на штети) и направи измени и прилагодувања за нивно непречено одвивање.

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

За непречено одвивање на работењето на останатите класи на осигурување компанијата овозможи електронско издавање на сите видови на полиси со електронски потпис и електронска пријава и решавање на штети ,вклучувајки и целокупна комуникација и документација за штети за најголем број на класи на осигурување.

Друштвото превзема брза и ефикасна реорганизација во работењето и  мерки , со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози здравјето на вработените и успешното работење на друштвото.
Истото е постигнато со :
-воведување скратено работно време и динамика на вработени во смени (работа во канцеларија и работа од дома,
- превземање на сите мерки на претпазливост потребни за заштита  и безбедност на вработените во канцеларии.          -
  -Обезбедување на сите предуслови и инфраструктура од ИТ Сектор - далечинскиот пристап до базата на податоци, веб-пошта , VPN и сл. со цел следење и извршување на секојдневните работни задачи од дома.

Друштвото во моментот не забележува и не очекува зголемен пораст на обврски по надомест на штети. Друштвото исто така не очекува зголемен пораст на обврските за договори за реосигурување, бидејќи истите ги следат договорите за осигурување и ја следат динамиката на наплата на премија од страна на Друштвото.

Наплатата на достасаните побарувања има очекувано намалување за посочениот период . Компанијата работи со клиенти кои се долгогодишни корисници на нашите услуги. Превземените мерки и активности се во рамките на постоечките процеси и процедури на наплата на премија
Најголем ефект во делот на наплатата е кај класите на осигурување поврзани со физички лица ,како последица на затварање некои филијали на банките и неможноста на таа категорија на клиенти целосно да се прилагоди на електронско плаќање. Се уште ефектот не е материјален и нема потреба од дополнителни мерки.

Во делот на приходи од вложување пе се очекуваат материјални движења.

Друштвото нема проблеми со солвентноста и ликвидноста. Се превземаат активности со динамиката на исплата на постоечките обврските. Раководството има мандат за спроведување на сите мерки и активности.

Друштвото има висок износ на задржана добивка и високи резерви за сигурност, како и капитал.

**Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп е Друштво котирано на подсегментот задолжителна котација на Македонска берза и согласно глава VI од Правилата за котација преку СЕИ-Нет објавува квартални, полугодишни и годишни финансиски извештаи.**